
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 37	19.04.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, АПРИЛ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања

Се прогласува Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/1
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), а во согласност на член 78 став 1 од Изборниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.40/06...27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19... и 58/24), Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седницата одржана на ден 18.04.2024 год., донесе

О Д Л У К А

за определување на места за истакнување
на изборни плакати без надоместок за време
на изборната кампања

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат места за истакнување на изборни плакати на територија на општина Јегуновце без надоместок за време на изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори 2024

Член 2

Истакнување на изборни плакати за време на изборната кампања е дозволено да се истакнуваат, без надоместок:

- на електричните и телефонските столбови (бандери)
- на огласните табли по населените места

Секој подносител на листа одделно има право на користење на местата за истакнување на изборни плакати од став 1 алинеа 1 на овој член на секоја седумнаеста бандера.

Член 3

Уништувањето на изборни плакати или лепење плакати врз друга плаката на други организатори на изборната кампања е забрането.

Член 4

Организаторот на изборната кампањата е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и на огласна табла на Општината.

Бр.08-738/3
18.04.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за определување на месечен надоместок за членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница

Се прогласува Одлуката за определување на месечен надоместок за членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/2
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија(„Сл.весник на СРМ„ бр.36/90,и „Сл.весник на РМ„бр.38/91,23/97,37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09,42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 70/13, 139/14, 233/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.51/23, 65/23 и 51/24), Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 год. донесе

О Д Л У К А
За определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница

Член 1

Со оваа Одлука се определува месечен надоместок на членовите на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница на Совет.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Совет без оглед на нејзиното времетраење се утврдува во износ од 40% од просечната месечна нето плата во РСМ исплатена за претходната година.

Месечниот надоместок на членовите на Совет на Општина Јегуновце за присуство на седници на Совет изнесува 14.645 денари.

Член 3

На Претседателот на Советот на Општина Јегуновце за раководење и организирање на работата на Советот надоместокот во член 2 на оваа Одлука се зголемува за 30% и ќе изнесува 19.040 денари.

Член 4

Месечниот надоместок од член 2 на оваа Одлука за присуство на седница на Совет се исплатува за присуство на сите седници на Советот од тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница нема да се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржи седница.

Член 5

На членовите на Советот на Општина Јегуновце ќе им се исплати надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници, вработени во општинската администрација на Општина Јегуновце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од Април 2024 год.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Совет бр.08-781/3 од 11.05.2023 („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр.24/2024).

Бр.08-738/4
18.04.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/3
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и член 7 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија(„Сл.весник на СРМ„ бр.51/2024),Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2024 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2024 година, бр.08-2053/7 од 27.12.2023 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.32/2023) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2024 година, бр.08-178/3 од 29.01.2024 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.34/2024) член 9 став 1 алинеа 1 се менува и гласи:

-Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,35, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година,според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-738/5
18.04.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/4
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15,37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на општина Јегуновце “ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

За спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести

на подрачјето на Општина Јегуновце за 2024 год

Надлежностите на општината за донесување Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје , произлегуваат од член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести – (Сл.весник на РСМ бр.257/20).

Заштитата на населението од заразни болести е главна цел на оваа Програма , истата се планира да се оствари со реализирање на општите мерки кои ќе се спроведуваат во согласност со стандарадите и постапките утврдени со закон .

Во организирање и следење на општите мерки општината соработува со надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје.

1. Цели

1. Спречување на појава и ширење на заразни болести
2. Обезбедување чиста и здрава вода за пиење
3. Заштита на сите групи на население од заразни болести
4. Редуцирање на популација на комарци и други ситни инсекти на подрачјето на Општина Јегуновце и доведување на ниво на биолошка толеранција

2. Активности

Наведените активности во Програмата се во согласност со законските одредби во кои се дефинирани обврските на општината кои треба да бидат превземени за да се постигнат горенаведените цели.

Ред. Бр.	Активности	РОК	Носител	Извори на средства
1.	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		Општина Јегуновце-ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце
1.1	Анализа на терен за извршување на дезинфекција , дезинсекција и дератизација	Месец март, април	Општина Јегуновце-	Буџет на Општина Јегуновце
1.2	Дезинсекција на територија на општина Јегуновце -Пред с. Сиричино, па се до с.Туденце по течението на р. Вардар има ископини на песок , во кои има застојана вода -Помеѓу населените места с.Шемшово и с.Прељубиште има мочурлив предел Орман во должина од 300м и широчина од 100 метри -Помеѓу н.м.с. Прељубиште и н.м.с.Јанчиште се наоѓа мочурлив предел , во должина од 2500м и широчина од 400м, кој се наоѓа	Мај, Јуни, Јули, Август	Општина Јегуновце-ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце

	подалеку од регионалниот пат -Под населеното место с.Јегуновце , се простира мочурлив предел кон н.м. Подбреѓе во должина од 800м и ширина 200м -Од н.м. Јегуновце до н.м. Раотинце има мочурлив предел (Паленик) низ кој поминува див пат , има комунална депонија , низ него поминува р.Бистрица -Од н.м. Раотинце до н.м. Јанчиште , се наоѓа мочурлив предел Низ с.Ратае помунива отворен канал кој служел за наводнување наречен Радиовце-Бистрица кој не функционира, а во него се излева фекален отпад -Под с.Вратница и помеѓу селата Нераште и Орашје се наоѓа вештачко езеро Вратничко езеро.			
1.3.	Спроведување на мерката дезинфекција во сите училишта на подрачјето на Општина Јегуновце	Два пати во годината	Општина Јегуновце во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце

2.	Испитување на хигиенската исправност на водата	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
2.1.	Следење на хигиенска исправност на водата од за пиење од Регионалниот водовод	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
2.2	Превземање на мерки за пречистување на водата за пиење од Регионалниот водовод (хлорирање)	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
3	Информирање на јавноста	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце

3. Финансирање

Средствата од Програмата ќе бидат обезбедени од од основниот Буџет на Општина Јегуновце согласно реалните финансиските можности за мерките наведени во програмата под точка 1.1, 1.2,1.3 и точка 3 ,додека под точка 2.1 и 2.2 ќе бидат обезбедени средства од страна на Буџетот на ЈП Јегуновце, с.Јегуновце.

4. Известување

Известувањето и информирање на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, локалните медиуми, соработка на општината со МЗ, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце,,.

Бр. 08-738/6
18.04.2024
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 год.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/5
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-738/7
18.04.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Одлуката за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/6
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл. весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016 и Сл. весник на РСМ бр. 151/2021) Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 година донесе

О Д Л У К А
за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општината за 2024 година на следниот начин:

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
E00	***ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***					
427110	*Привремени вработувања*	800.000	0	0	0	0
LA0	***СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)***					
482920	*Изградба на други објекти*	-800.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2024 година.

Бр. 08-738/8
18.04.2024 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.04.2024 год.

Бр. 09-755/7
19.04.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 18.04.2024 год., го разгледа барањето од Снежана Николиќ од с.Јанчиште и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Снежана Николиќ од с.Јанчиште и се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 5.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна на ден 06.03.2023 год. во семејната куќа во с. Туденце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-738/9
18.04.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања 1

2. Одлука за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања. 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница 3

4. Одлука за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница 4

5. Решение за прогласување на Одлуката за за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година..... 6

6. Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година 7

7. Решение за прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2024 год. 8

8. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2024 год. 9

9. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 г. 13

10. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2024 г. 14

11. Решение за прогласување на Одлуката за измена на распоредот за средствата на Буџетот на општина Јегуновце за 2024 год..... 15

12. Одлука за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год..... 16

13. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош 17

14. Одлука за одобрување на финансиска помош 18